Врз основа на член 22, став,1, точка 5 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа ( ,,Сл.весник на РМ " р.5/102) член 7, точка 3 од Законот за култура (Сл. Весник на РМ" БР.31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10,47/11, 51/11, 136/12. 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, И 39/16) и чл.36 ст.1 точка од Законот за Локална самоуправа (Сл.Весник на РМ БР. 02/05) и чл.21 од Статутот на Општина Лозово (Сл. Гласник бр.02/05,29/14 и 73/17 ) Советот на Општина Лозово на седницата одржана на ден : 11.12.2023 година донесе:

# Програма за активностите на општина Лозово во областа на Културата во 2024 година

1. **ВОВЕД**

   Општина Лозово бара перманетно изнаоѓање нови форми за едукација, унапредување на културата, творештвото, можности за дружење и забава, односно осмислување на слободното време и збогатување на интелектуалниот, емоционалниот и културно-забавниот живот на учениците и граѓаните, со цел размена на искуства, знаења и запознавање на различни културни вредности.

2. **ЦЕЛИ**

Основни цели на оваа Програма се:

- Афирмација на Општина Лозово во која особено внимание се посветува на создавањето на услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности,

- Обезбедување активен однос на Општина Лозово кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата,

- Сочување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Лозово,

- Сочување и афирмирање на матрејалното и духовното културно наследство на Општина Лозово,

- Создвање на услови за развој на културата,

3. **АКТИВНОСТИ**

Активностите на Општина Лозово во областа на културата ќе бидат насочени кон потикнување, поддржување и помогање за остварување на целите на оваа Програма и целите поставени во Стратегијата за култура донесена од Советот на Општина Лозово и тоа:

- Сочувување на континуитетот на одржување на традиционално културно- уметнички манифестации,
- Реализирање на манифестации, програми и проекти кои даваат посебно обележје на Општина Лозово,

- Создавање услови за гостување на еминентни уметници од Република Северна Македонија и странство во Општина Лозово,
- Унапредување на меѓународната , културната комуникација врз реципрочна основа на збратимените градови на Општина Лозово,
- Остварување продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници,

- Мотивирање за активно учество на локалните културни установи во реализирање на Програмата.

**Во Општина Лозово во 2024 година во делот на културата се предвидени следниве активности:**

| Активност | Период | Носител | Планирани средства |
|---|---|---|---|
| Финансиска подршка по повод одбележување на празници ( за сите села ) | континуирано | Месни заедници | 100.000 денари |
| Фолклорен ансанбал ( кореограф, превоз на ученици, носии) | Континуирано | Организатор | 200.000 денари |
| Подршка во изградба на верски објекти | Континуирано | Верски одбор | 350.000 денари |
| Подршка на Пеливани организиран настан | 7 мај – ( Јусуф деде) | Организатор | 20.000 денари |
| Ден на Општина- со дополнителни награди, | 26 Декември | Општина Лозово | Тековно финансирање |
| Новогодишна и божиќна лотарија и организирање на настан Новогодишен базар | Декември, Јануари | Општина Лозово | Тековно финансирање |
| Верски празници- Водици, Божиќ, Велигден | Јануари,Април | Општина Лозово | Тековно финансирање |
| Организирање на Манифестација ,,Овчеполски Гроздобер" | Септември | Општина Лозово | 650.000 денари |
| **ВКУПНО:** | | | **1.320.000 ДЕНАРИ** |

Оваа Програма ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Лозово за 2024 година.

Потребни средства за реализација на оваа програма се 1.320.000 денари.

**4.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ:**

За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот на Општина Лозово во соработка со комисијата за спорт и култура при Советот на Општина Лозово.

**Дата : 11.12.2023 година**

Совет на Општина Лозово

**Претседател на Совет на Општина Лозово**

**Изготвил: Помлад соработник за планирање**

**и извршување на буџетот**

**Тања Миташевска**

___________________________

Владе Миланов